РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-720/2
24-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-720/1 од 11.02.2026 година, со наводи за сомневање за коруптивно работење на лицето ------- --------------, директор во -------------- ------------ и поранешен директор во -- -------------- , **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што во доставената пријава нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност, како и поради тоа што пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од истиот Закон, па изнесените наводи не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Предметот со број 12-720/1 од 11.02.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 11.02.2026 година поднесена е пријава со наводи за сомневање за коруптивно работење на лицето ---- ------------------, директор во ------------- ----------- и поранешен директор во -- --------------- по која оформен е предмет број 12-720/1 од 13.06.2026 година.

При разгледувањето на предметната пријава, ДКСК констатира дека во доставената пријава не се содржани наводи кои упатуваат на конкретни личности и активности и нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавни овластувања и службена должност, воедно пријавеното лице не е службено лице во смисла на член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес, при што утврди дека изнесените наводи во пријавата не даваат основ за поведување било каква постапка за што ДКСК е надлежна согласно Законот.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за случајот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: П.Б., Советник
Контролирал:Ј.Ц., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., Член на ДКСК

Претседател

Адем Чучуљ